Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 25.09.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4678 | 1 | |

**И З В Е Ш Т А Ј**
**од редовниот надзор на програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје, емитуван во периодот од 8 до 14 септември 2014 година**

***Предмет на надзорот:***

Предмет на надзор во согласност со Годишниот план за вршење програмски надзор беше почитувањето на:

- **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот).

***Констатации:***

Со мониторингот на снимките од програмскиот сервис на ТРД Канал 5 Плус ДООЕЛ Скопје, во периодот од 8 до 14 септември 2014 година, **не се констатирани прекршувања** на одредбите за емитување музика утврдени во член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Програмскиот сервис:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик - во анализираната недела емитуваше 24 часа 44 минути и 23 секунди;
- Ја почитува обврската за процентуална распределба на емитуваната музика - 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 11 часа 3 минути и 59 секунди, а забавната музика со 13 часа 40 минути и 24 секунди; и
- Ги почитува одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период се емитувани 14 часа 20 минути и 15 секунди вокално-инструментална музика на македонски јазик, од кои 6 часа 41 минута и 30 секунди народна и 7 часа 38 минути и 45 секунди забавна музика.

***Забелешка:*** *Поради технички проблеми со приемот на сигналот предизвикани од временските неприлики, недостасува снимка од програмата на ТРД Канал 5 Плус ДООЕЛ Скопје почнувајќи од 16:58:05 часот на 13 септември заклучно со 24:00 часот на 14 септември. Но, и без тие нешто повеќе од 31 час, радиодифузерот ги исполнува обврските утврдени во член 92 ставови 4 и 6.*

*Датум на извршување на програмскиот надзор:*
*25.09.2014 година*